


# Штедните влогови сигурни во Стопанска

**Колку се сигурни штедните влогови на граѓаните и на фирмите во нашите банки? Дали откако почна кризата во Грција и во еврозоната се чувствува намалување на растот на депозити?**

- Земјите во Европа и, воопшто, во светот во последните неколку години се соочуваат со сериозни економски проблеми кои во некои држави се повеќе изразени (Америка, Шпанија, Италија и Грција). Меѓутоа, на глобално ниво интензивно се работи на ефикасно надминување на кризата и подобрување на условите за живеење и работење.

Што се однесува до ефектите од кризата кај јужниот сосед, тие не можат директно да се рефлектираат врз банкарскиот сегмент затоа што ниту една од банките што работат во Македонија немаат изложеност кон грчкиот долг затоа што немаат откупувани државни обврзници од Грција. Таа како значаен трговски партнер на Македонија придонесува за економската активност, па оттука може да се очекува влијание врз реалниот сектор и намалување на надворешнотрговската размена кон Грција, односно намалени инвестиции.

**Постојаниот пораст на депозитите докажува дека довербата е на високо ниво, вели Милица Чапаровска, директорка на Секторот за управување со производи во Стопанска банка**

**■ Дали граѓаните и фирмите прашуваат во банките за сигурноста на своите штедни влогови?**

Разбирливо, граѓаните и компаниите што имаат штедни влогови се консултираат со своите банки за безбедноста на своите депозити, но нивниот пораст докажува дека не само што не постои тренд на намалување туку, напротив, довербата во банкарскиот сектор е на високо ниво и клиентите во депозитите гледаат сигурен извор на редовни приноси. И сето ова не е случајно, бидејќи банкарскиот сектор во изминатиот период во повеќе наврати ја оправда довербата на граѓаните и поддршката за градење култ кон штедењето и планирање на иднината.

**■ Колкави се штедните влогови на населението, а колкави се на приватниот сектор во Стопанска банка?**

- Заштедата на населението по рочност и валутна структура е различна од заштедата на компаниите, а волуменот на заштедите е во согласност со пазарното учество на банката кое е стабилно и го следи проектираниот пораст, па според тоа и овие категории се неспоредливи. Во 2011 година кај населението поголем дел од депозитите се во девизи, а кај компаниите вообичаено предност имаат депозитите во денари, кои се платежна валута во Македонија. Граѓаните, пред сè, ги чуваат своите депозити орочени на одредена рочност по избор на клиентот и вообичаено ги избираат депозитите со гарантиран принос за целиот рок на орочување, а депозитите по видување имаат помало учество во портфолиото на депозити на население.

**■ Кои се најпримамливите камати за штедење и производи што ги нуди Стопанска банки?**

- Меѓу најуспешните ќе ги издвоиме производите 12/13 кои за депозит орочен на 12 месеци пресметува бонус камата за еден месец (вкупно 13 месеци), новиот 9-месечен орочен депозит со промотивни годишни каматни стапки од 3,6 отсто за депозит во евра и 6,6 отсто за депозит во денари. Конкурентската предност кај овие депозитни производи е гарантираноста на висината на каматата за договорениот период на орочување што овозможува соодветно планирање на приносот. Потоа, за најмладите, популарниот „Пчелка", детски депозит што овозможува неограничен број и износ на уплати во периодот на орочување од 36 месеци, како и штедниот план „Мој план" со можност за орочување од една до пет години и целосна флексибилност во уплатите во рокот на орочување што овозможува примена на атрактивни каматни стапки на влогови во текот на целиот временски период на кумулирање на заштедите.

**■ Штедењето е основа за поголемо кредитирање, но и тоа годинава расте забавено. И покрај одредено намалување на каматите и за кредитите, граѓаните сè уште се жалат дека се скапи и тешко се решаваат да влезат во нови долгови?**

- Клиентите-корисници на кредити секогаш го имаат предвид семејниот буџет и секое намалување им оди во прилог и секогаш ќе постои интерес за помали каматни стапки, без разлика што имаше значајни намалувања во изминатиот период. Дополнително, во последните години Стопанска банка нуди и преференцијални услови за своите лојални клиенти што вклучува намалени каматни стапки и останати категории на трошоци и провизии, поедноставни процедури и сл. Одлуката да се аплицира за кредитен производ секогаш препорачуваме да се разгледа од повеќе аспекти и клиентот да биде сигурен дека нема да предизвика преголемо задолжување кое подоцна ќе се рефлектира негативно со неможност за редовно сервисирање на своите обврски, како и врз кредитната историја која влијае на можноста за евентуални идни задолжувања.

**■ Стопанството упорно бара од банките да има и повеќе кредити и поевтини. Ќе има ли олабавување на строгите услови што барате да ги исполнат компаниите или, напротив, поради кризата, тие ќе се затегнуваат?**

- Компаниите кои моментно се борат со наплата на побарувања, со влошена ликвидност или доцнат со плаќање на обврските, секако, наидуваат на проблем при повторно задолжување затоа што на банките не им е од интерес да ги преоптоваруваат клиентите со нови задолжувања што нема да може да ги сервисираат.

Во однос на ценовната флексибилност, Стопанска банка веќе неколку месеци нуди промотивни услови за малите и за микрокомпаниите, а за средните компании на располагање им се и фондовите од Европска инвестициска банка со примена на важечките кредитните критериуми.

**■ Тоа што најмногу ги интересира сите е дали до крајот на годинава може да се очекува намалување на каматите за кредитите?**

Каматната стапка на кредитите е цена како и секоја друга и зависи од пазарните движења, од цената што им ја плаќаат банките на депонентите и од оперативните трошоци. Секое регионално, глобално и национално подобрување на економските услови ќе значи и поголема можност за реализација на успешни идеи и проекти што ќе обезбедат повеќе работни места, редовна наплата и помали трошоци на работење за сите. Изгледите за такви придвижувања до крајот на годината се мали.

